**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 септември 2016 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: август 2016 година

– Во август, во однос на претходниот месец, каматните стапки на вкупните кредити бележат минимална нагорна промена за 0,1 п.п. и изнесуваат 6,4%, додека каматните стапки на вкупните депозити останаа речиси непроменети на ниво од 1,8%.

– Четврти месец по ред, каматните стапки на новоодобрените кредити се задржуваат на нивото од 5,9%, додека каматните стапки на новопримените депозити забележаа минимален месечен пад од 0,1 п.п. и изнесуваат 1,4%.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и новите кредити и депозити

| | 12.2015 | 1.2016 | 2.2016 | 3.2016 | 4.2016 | 5.2016 | 6.2016 | 7.2016 | 8.2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **6.5** | **6.5** | **6.5** | **6.5** | **6.4** | **6.4** | **6.4** | **6.3** | **6.4** |
| Корпоративен сектор | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.2 | 6.2 | 6.2 | 6.1 | 6.1 | 6.1 |
| Домаќинства | 6.8 | 6.8 | 6.8 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.9** | **6.0** | **6.1** | **6.0** | **5.7** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.9** |
| Корпоративен сектор | 5.9 | 6.0 | 6.1 | 6.0 | 5.7 | 6.0 | 5.8 | 5.9 | 5.8 |
| Домаќинства | 5.7 | 6.0 | 6.0 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.9 | 5.8 | 6.0 |
| **Вкупни депозити** | **1.9** | **1.9** | **1.9** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** |
| Корпоративен сектор | 2.2 | 2.2 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 1.9 | 2.0 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.9 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 |
| **Новопримени депозити** | **1.6** | **1.8** | **1.6** | **1.7** | **1.7** | **1.1** | **1.4** | **1.5** | **1.4** |
| Корпоративен сектор | 1.3 | 2.0 | 1.1 | 1.3 | 1.2 | 0.8 | 0.9 | 1.3 | 0.9 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.7 | 2.0 | 1.9 | 1.9 | 1.5 | 1.9 | 1.6 | 1.7 |

Извор: НБРМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[2]







Извор: НБРМ.

- Стапката на вкупната состојба на одобрените кредити на корпоративниот сектор остана непроменета во однос на претходниот месец, и на крајот на август изнесува 6,1%.
- Во август, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор, изнесува 5,8%, при што на месечна основа се намали за 0,1 п.п. Намалувањето произлегува од падот на стапките на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,1 п.п.).
- Во однос на декември 2015 годината, стапката на вкупните кредити на корпоративниот сектор е пониска за 0,2 п.п.







Извор: НБРМ.

[2] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор се однесува на нефинансиските институции (јавни и останати).

– Каматната стапка на вкупната состојба на примените депозити од корпоративниот сектор, на месечно ниво се зголеми за 0,1 п.п., и во август изнесува 2,0%. Нагорната промена произлегува од порастот кај стапките на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,1 п.п.) и на депозитите во странска валута (за 0,1 п.п.).

– Просечната стапка на новопримените депозити од корпоративниот сектор во август изнесува 0,9%, при месечен пад од 0,4 п.п.. Месечниот пад е предизвикан од намалувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,5 п.п.) и на депозитите во странска валута (за 0,3 п.п.).

– Стапката на вкупните депозити на корпоративниот сектор е намалена за 0,2 п.п. во однос на крајот на 2015 година.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[3]







Извор:НБРМ

– Во последните шест месеци каматната стапка на вкупната состојба на одобрените кредити на домаќинствата е стабилна и се одржува на ниво од 6,7%.

– Во август, новите кредити на домаќинствата се одобрувани по просечна стапка од 6,0%, што на месечно ниво претставува пораст од 0,2 п.п., како резултат на повисоките каматни стапки на денарските кредити без валутна клаузула (0,3 п.п) и во странска валута (0,3 п.п.).

[3] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**

**Дирекција за статистика**







Извор: НБРМ.

- Каматната стапка на вкупната состојба на примените депозити од домаќинствата од 1,8% е без промени во периодот февруари – август 2016 година.

- Анализирано на месечно ниво, стапката на новопримените депозити од домаќинствата се зголеми за 0,1 п.п и изнесува 1,7%. Притоа, нагорна месечна промена има кај каматните стапки на сите компоненти, и тоа: кај денарските депозитите без валутна клаузула (за 0,2 п.п.), со валутна клаузула (за 0,4 п.п.) и во странска валута (за 0,1 п.п.).

- Од почетокот на 2016 година, промените кај стапките на вкупните кредити и депозити на домаќинствата се движат во иста насока, и се намалени за 0,1 п.п., соодветно.

## Придружни информации

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечни податоци за каматните стапки: 31 октомври 2016 (референтен пресек заклучно со септември 2016).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

**Народна банка на Република Македонија**

**Дирекција за статистика**

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).